# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КРАТОВО

**Ноември 2022**

**ПРЕДГОВОР**



Стратешкото планирање претставува фундамент кој ги дава идните насоки за развој на општината. Овој значаен процес помага да се предвиди развојот на Општина Кратово фокусирајќи се на прашањата од критично значење, можностите и проблемите пред кои е исправен градот и единиците на локалната самоуправа. Дава можност за пореално согледување на секојдневните проблеми и помага во изнаоѓањето на вистински решенија.

Стратегијата за локален економски развој на Општина Кратово ги инкорпорираше аспирациите и капацитетите на сите засегнати страни како што се локалната самоуправа, бизнис секторот, граѓански организации, јавни претпријатија, образовните институции, претставници на месни заедници и граѓани со цел одредување на стратешките области на кои треба да се фокусира општината (секторите) и поставување на стратешките цели за секоја од стратешките области, кои ги одразуваат нивните потреби.

Стратешкото планирање всушност ја креира визијата, планот за остварување на посакуваната иднина и претставува алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ.

*Со почит,*
*Градоначалник на Општин Кратово*
*Тодорче Николовски*

## 1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Приоритетните области претставуваат стремежи и амбиции на граѓаните, правните субјекти и општинската администрација за иднината и физиономијата на сите населени места и заедници во општината. Подобрувањето на состојбите во приоритетните области може да се случи единствено со реализација на стратешките цели преку активности и интервенции базирани на партнерство помеѓу сите засегнати страни, како и со фокусирани активности врз основа на ресурсите во општината, надворешните инвестиции и привлекувањето на средства од национални и меѓународни програми и фондови.

Во текот на изработката на стратегијата три стратешки цели беа посочени како проритетни, и со остварување на стратешките цели во рамки на секоја од стратешките области ќе се постигне и остварување на мисијата и визијата на Општина Кратово.

Со имплементацијата на стратешкиот план за локален економски развој ќе се придонесе кон подобрување на состојбите и прашањата што се однесуваат на економско - социјалната положба со што значително ќе се подобри квалитетот на животот на граѓаните на Општина Кратово.

Во процесот на стратешко планирање за локален економски развој се идентификуваaa сегашните и идните потреби за социо-економски развој и врз основа на тоа се дефинираа визијата, вредностите, целите и активностите кои треба да дадат резултати во задоволувањето на тие потреби.

Стратешкиот план е сублимиран и систематизиран начин кој ги обработува стратешките цели, како и врските и корелациите меѓу нив кои, всушност, ги претставуваат чекорите што треба да се превземат во процесот на постигнување на својата визија.

## 2. СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........................................................................................................
1. ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ................................................................................................ 3
2. СОДРЖИНА ............................................................................................................ 4
3. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........................................................................................ 5
4. ВОВЕД ВО ПЛАНОТ ............................................................................................. 6
5. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ..... 7
5.1 ПРИНЦИПИ НА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТ …...................... 7
5.2 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА КРАТОВО ........................................ 9
6. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА ...................................................................... 10
6.1 АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА ........................... 11
6.2 ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ .................................................... 13
6.3 БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА ........................................................................................ 14
6.4. ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ ................................................................................ 14
6.5 ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА ................................................................. 15
6.6 РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА ...................................... 15
6.7 ВЕШТИНИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ИНКЛУЗИВНОСТ ............................... 16
6.8 НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ ................................ 16
7. SWOT АНАЛИЗА ..................................................................................................... 18
8. ВИЗИЈА И ЦЕЛИ ...................................................................................................... 19
9. АКЦИСКИ ПЛАН ...................................................................................................... 20
10. ШЕМА НА ФИНАНСИРАЊЕ .................................................................................. 23
11. ИНДИКАТОРИ, МЕХАНИЗАМ И МОНИТОРИНГ ............................................. 25

## 3. ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ЕЛС | Единица на локална самоуправа |
| ЈКП | Јавно комунално претпријатие |
| ЛС | Локална самоуправа |
| СИПР | Североисточен плански регион |
| БРР | Биро за регионален развој |
| ЛЕР | Локален економски развој |
| ЛЕАП | Локален еколошки акционен план |
| ГУП | Генерален урбанистички план |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| УПС | Урбанистички план на село |
| ИПА | Инструмент за предпристапна помош |
| ИПАРД | Инструмент за предпристапна помош на земјоделството и руралниот развој |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| БДП | Бруто домашен производ |
| НИ | Национален индикатор |
| НКД | Национална квалификација на дејности |
| МЗ | Месна заедница |
| НВО | Невладини организации |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕЗ | Европска заедница |
| UNDP | United Nations Development Program – Развојна програма на обединетите Нации |
| USAID | Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави |

# 4. ВОВЕД ВО ПЛАНОТ

Со цел воспоставување на одржлив и инклузивен општествен и локален економски развој на Општината, во месец февруари 2022 година локлалната самоуправа на Кратово се пријави на Проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“. Проектот всушност претставува напредна фаза во создавањето на ефикасни и ефективни институции на локално ниво и потикнување на соработката помеѓу сите чинители во општината кои влијаат на локалниот економски развој.

Изработката на нов, ажуриран, реален и одржлив план беше повеќе од потребна. Новиот план за ЛЕР ќе претставува продолжение на претходната стратегија за ЛЕР од аспект на комплементарност на визијата, целите и активностите, подигајќи ги истите на едно повисоко ниво и земајќи ги во предвид новите локални, регионални и глобализациски текови и трендови.



Слика 1: Кратовски борови стари 6 векови – споменици на природата во паркот “Карши Бавча”

Преку процесот на изработка на планот за ЛЕР ќе се зајакнат и капацитетите не само на општинската администрација, туку и на сите засегнати страни за поефикасно искористување на човечкиот капитал и локалните ресурси во целина.

Стратешкиот документ за локален економски развој е изработен во координација и соработка со Локалниот Економски Совет на Општина Кратово и граѓанскиот сектор, според методологијата и стандардите на Проектот на УСАИД „**Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите**“. Поголемиот дел од активностите од овој стратешки документ се инкорпорирани во општинскиот Буџет.

## 5. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Основите на стратешкиот документ беа поставени на повеќе работни средби, преку одговарање на прашалници, а беше финализиран во консултација со тимот за изработка. Овој стратешки документ не опфаќа пошироки области на развој како што се култура, здравство, образование, иститот исклучително е насочен и го третира економскиот развој на општината.

Чекорите кои беа преземени при изработката на стратегијата се следните:

- Иницирање на соработка
- Одржани работни состаноци и поставување на цели за изработка на стратегијата
- Формирање на тимови
- Преглед на литература и теренски истражувања
- Организација на работилници со заинтересираните страни
- Пишување и дизајн
- Презентација на стратегијата и усвојување на стратегијата

Преку истите сите засегнати страни со своите одговори, предлози и сугестии дадоа голем придонес во развивањето на овој документ кој всушност ги отсликува потребите на граѓаните во нашата општина.

### 5.1 ПРИНЦИПИ НА КРЕИРАЊЕ НА СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТ

Ефективната и ефикасната стратегија за ЛЕР всушност се базира на длабоки и реални истражувања кои подоцна можат да бидат апликативно реализирани. Неопходно е да бидат инкорпорирани заклучоци од консултации со сите чинители на економскиот и социјален живот на заедницата кои ги содржат централните и клучни насоки кои треба да бидат имплементирани за да се постигне успешен економски развој.

Во оваа насока, Стратегијата за ЛЕР на општина Кратово, артикулираше една цела лепеза на поставени цели и стратешки правци кои пак се дел од подетален акционен план, кој е креиран да придонесе кон решавање и надминување на детерминираните проблематики, пречки и предизвици.

Исто така, неопходно беше креирањето на солидни партнерства и мрежи со лица и институции кои со своето знаење, искуство и взаемна соработка ќе ги надминат неминовните бариери и ќе создадат можности за раст и успешна мобилизација на сите расположливи постоечки материјални и човечки ресурси.

Со цел да се реализира стратешкиот документ, што е суштината на неговото креирање, визијата мора да биде реална и достижна, стратешките цели и правци на резултатите да бидат детално организационо и финансиски испланирани, а активностите - едноставни

и формулирани во чекор со тековните правци на движење на заедницата и општеството.

Принципите применети при дефинирање на оваа Стратегија се во согласност со Агендата 21 од конференцијата на Обединетите нации (ОН) за заштита на животната средина и поттикнување на економскиот развој (UNCED) оддржана во 1992 година во Бразил.



Слика 2: Ајдучка Чаршија

Всушност, овој стратешки документ почива на следниве неколку принципи кои произлегуваат од Агендата 21 и тоа:

- Оддржливост - преку што се обезбедува усогласеност помеѓу економскиот развој, заштита на животната средина и социјалната сигурност во заедницата;
- Континуитет во спроведување на програмите и развојните планови;
- Транспарентност, синергија и јавност во работењето - претставуваат начини на кои најшироката јавност на заедницата е запознаена со активностите на општината во поглед на локалниот економски развој, со што се овозможува вклученост на сите чинители, заради поефикасно решавање на нивните потреби;
- Поставување на приоритети - одредување на приоритетни насоки, согласно прифатените цели и реалните можности и капацитети;
- Економичност и ефикасност - укажува на рационално искористување на ресурсите, како и оптимално искористување на развојните предности;
- Континуитет на развојната политика – континуиран мониторинг на остварувањето на зацртаните цели со цел менување на развојните инструменти доколку се смета за потребно;
- Вреднување на природното и културно - историското богатство - укажува на неопходната заштита на природните богатства и на културно - историското наследство, со цел нивна достапност до сите граѓани.

## 5.2 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА КРАТОВО

Кратово е еден од најстарите живи градови на Балканот - ризница на културно и природно наследство, создавана со векови station наназад, опфаќајќи голем број на споменици кои припаѓаат на различни историски епохи и ги одразуваат плодните творечки идеи на ова поднебје изразувано преку поединечни техники на творење како живописување, резбарење, иконописување, градителствување или пак на некој друг вид на креација.

Градот е лоциран во грлото на изгаснат вулкан во Осоговските планиини, распостранет на бреговите од три мали реки, во северо-источниот дел на Република Северна Македонија, оддалечен 93 км од главниот град, на 50 км од Куманово и Штип, 76 км од Меѓународниот Аеродром во Скопје.



Слика 3: Општина Кратово




Слика 4: Населени места во Општината

Територијата на Општина Кратово зафаќа површина од 375,44км² или 1,48% од територијата на Република Северна Македонија. Според пописот на населението и домаќинствата во Република Северна Македонија од 2021 година, општина Кратово брои 7.968 жители, од кои 4.168 (52,3 %) се мажи и 3.800 (47,7 %) се жени. Густината на населеност изнесува 27,81 жит./км². Населението од општината живее во 2.886 домаќинства. Најголем дел од населението во општината се Македонци 7.372 (92.5%), додека малцинствата се Роми 109 (1.4%), Срби 14 (0.2%), Власи 1 (0.01%), Албанци 9 (0.1%) и други 24 (0.3%).

Општината Кратово ја сочинуваат градот и 30 населени места: Шлегово, Приковци, Железница, Туралево, Живалево, Филиповци, Сакулица, Вакаф, Шопско Рудари, Татомир, Коњух, Пендаќ, Страцин, Трновац, Крилатица, Талашманци, Куклица, Кетеново, Тополовиќ, Горно Кратово, Нежилово, Каврак, Кнежево, Емирица, Којково, Мушково, Куново, Димонце, Луково и Близанци.

Како и повеќето градови во државата, така и Кратово бележи алармантен демографски пад поттикнат од масовната емиграција особено на младата популација. Локалниот економски развој е од особено значење за надминување на постоечките структурни проблеми и справување со предизвиците со кои се соочува општината.

## 6. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

Табела 1: Деловни субјекти по дејности

| Ред. бр. | Сектори на дејност според Националната класификација на дејностите | Број на активни деловни субјекти во 2016 |
|---|---|---|
| 1. | Земјоделство, шумарство и рибарство | 11 |
| 2. | Рударство и вадење на камен | 3 |
| 3. | Преработувачка индустрија | 20 |
| 4. | Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2 |
| 5. | Градежништво | 17 |
| 6. | Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 89 |
| 7. | Транспорт и складирање | 14 |
| 8. | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 21 |
| 9. | Информации и комуникации | 1 |
| 10. | Стручни, научни и технички дејности | 8 |
| 11. | Административни и помошни услужни дејности | 3 |
| 12. | Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 2 |
| 13. | Образование | 3 |
| 14. | Дејности на здравствена и социјална заштита | 15 |
| 15. | Уметност, забава и рекреација | 7 |
| 16. | Други услужни дејности | 15 |
| Вкупно | | 231 |

Главен двигател на кој се базира локалната економија во општина Кратово е индустриското производство, конкретно станува збор за призводство на сунѓер, текстилна и прехрамбена индсутрија. Останати економски сектори кои исто така влијаат на економскиот перформанс на општината се трговијата и туризмот.

Конкретно станува збор за еден поголем индустриски капацитет за производство и преработка на сунѓер, четири конфекции кои работат по ЛОН системот за странски купувачи, фабрика за производство на вода, хотел и околу двеста микро претпријатија.

Нумерички гледано, најголем број од копманиите во општината се фирми кои се занимаваат со трговија на големо и трговија на мало, по што следи угостителкиот сектор. Според бројот на вработени и според годишниот обрт на финансиски средства, најефикасна и најбрзорастечка е компанијата Силпен СТ ДООЕЛ која се бави со производство и преработка на сунѓер.

## 6.1 АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМСКА СТРУКТУРА

Што се однесува до економскиот потенцијал на Кратово, на територијата на општината се наоѓа индустриска зона која се карактеризира со целосно изградена патна, комунална инфраструктура, поврзана со енергетската, гасоводна и теклекомуникациската мрежа. Истата се наоѓа на само 20 км од регионалниот пат Р1205 – односно 57 км од граничниот премин Деве Баир (Бугарија), и 52 км од граничниот премин Табановце (Србија).
Би сакале исто така да потенцираме дека низ Кратово поминува и железничкиот Паневропски Коридор VIII кој што ја поврзува Северна Македонија со Бугарија и Албанија. Тоа е клучна рута во однос на зајакнувањето на поврзаноста на регионот, создавајќи интермодална врска меѓу Црното и Јадранското Море.

Врз основа на изработена физибилити студија, општина Кратово располага со голема просечна соларна радијација, и тоа со преку 2300 сончеви часови во годината кое ја прави општината исклучително погодна за инвестирање во фотонапонски електроцентрали. Покрај добрата соларна радијација предуслов за рентабилен проект за ФВ-ни електроцентрали се и локалните климатски услови, како температура, влажност на воздухот, поплави итн. За идеалните услови за инвестиции во ФВ-ни електроцентрали на територијата на општина Кратово зборува и фактот што веќе во процедура се наоѓаат три проекти и неколку иницијативи за инвестиции во фотонапонски централи,

Во првата процедура станува збор за фотонапонска централа која е во фаза на издавање дозвола за склучување на јавно приватно партнерство како би можело да се отпочне постапка за јавна набавка и избирање на економски оператор кој ќе ја изгради и стопанисува со истата. Станува збор за централа до 10 MW, на простор од 14,3 ha, во КО Страцин.

Во останатите две процедури се работи за две фотонапонски централи кои претставуваат приватни инвестиции и кои се наоѓаат во крајна фаза на одобрување на урбанистичките проекти, по што ќе следува фазата на припрема на основен проект, добивање на дозвола за градба и реализација на проектот.

### Туристички потенцијал

Кратово е град на средновековни кули и мостови, град на римските рудници, стара ајдучка чаршија, град на прекрасни цркви и манастири изградени уште во 14 век, Кратово е град на Св. Горѓи Кратовски, локалитетот “Камени Кукли”, мегалитската опсерваторија “Цоцев Камен” и е еден од најстарите градови на Балканот.

Како сведоштво за животот и значењето на Кратово во античкиот и средновековниот период како важно рударско средиште се остатоците од рудниците и големиот број

подземни тунели и премини кои ги поврзувале и од кои се ископувала и пренесувала рудата.

Нечепнатата природа, чистиот воздух, старроградската архитектура, културно-историските знаменитости, гостопримството и традиционалната кратовска трпеза, го вбројуваат оваа гратче во една од најпосакуваните и најпосетувани туристички дестинации во Македонија.



Слика 5: Грофчански Мост

Туризмот во општина Кратово претставува секундарна гранка која влијае на економскиот перформанс на општинтата. Туристичкиот потенцијал на градот значително влијае на подобрување на социо-економската и културна состојба во општината, и тоа преку одржлив развој на туризмот кој носи бенефит како за локалното население и така и за бизнис секторот.

Стратешкото планирање овозможува унапредување на туризмот како и правилно насочување и искористување на потецијалите за развој, позиционирање и брендирање на градот како препознатлива туристичка дестинација во национални и меѓународни рамки.

“Со цел подигање на туризмот на еден повисок пиедестал, македонскиот Дубровник и музеј на отворено, има потреба од интегрирана туристичка понуда во која ќе бидат опфатени сите природни реткости и културни знаменитости кои ќе се надополнуваат меѓусбено и непрекорно плански ќе функционираат.”

## 6.2 ЛОКАЛНА СОРАБОТКА И ВМРЕЖУВАЊЕ

Локалната соработка помеѓу општината и останатите (деловни) чинители се одвива на задоволително ниво. Со цел подобрување на бизнис климата на локално ниво како и подобрување на комуникацијата со приватниот сектор, општината формираше Економски Совет. Целта на ова советодавно тело е да поттикне дебата за стратешки прашања за локален економски и одржлив развој на општината, утврдување развојни и структурни приоритети, привлекување на домашен и странски капитал, насоки за водење на локална економска политикаи поволна средина за развој на бизнисот, подобрување на протокот на информации, услугите за бизнисите како и некои административни процедури, градење партнерства со регионални, национални и меѓународни субјекти итн. Економскиот совет се свикува по барање на општината и на приватниот сектор.

Друго тело кое делува на продлабочување на локалната соработка и анализирање на тековните состојби во угостителството е “Неформалното тело за соработка со угостителите”. Ова тело одржува работни средби и состаноци по барање на угостителите, општината и други засегнати страни.

Општина Кратово перманентно учествува во унапредување на соработката помеѓу Секторот угостителство и туризам при СОУ „Митко Пенџуклиски" од една и приватниот сектор од друга стрна. Така за време на летниот период учениците реализираат феријална практика, додека во текот на наставната година реализираат часови по практична настава, учење преку работа кај работодавач. Оваа плодна соработка најчесто резултира со вработување на учениците веднаш по нивното завршување на средното стручно образование.

Општината исто така соработува и со Агенцијата за вработување каде преку разни форми на информирање, промоција и запознавање на работодавачите со активните мерки, услуги и програми континуирано нуди помош со цел намалување на невработеноста и унапредување на приватниот сектор во општината.

Што се однесува до невладиниот сектор, би сакале да потенцираме дека граѓанските организации се покажаа како силна логистика во подготовката на граѓаните од разни категории, активно да се вклучат во животот на општината, да ги остварат своите права, но и да го дадат својот придонес за натамошен, поуспешен и поплоден напредок на сопствената заедница.

Општината дава максимални напори за подоберување на соработката со сите институции во општината, да креира синергија, заеднички да спроведува проекти и успешно ги реалзиира своите таргети.

## 6.3 БИЗНИС ОПКРУЖУВАЊЕ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АДМИНИСТРАЦИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Што се однесува до моментот на транспарентност, општината редовно ги објавува своите финансиски извештаи, буџет, завршни сметки, јавни набавки, годишни планови, соопштенија за јавна презентација и јавни анкети на општинската веб страна така што сите релевантни информации се на располагање на приватниот сектор како и другите чинители во општеството.

Локалната самоуправа на чело со градоначалникот и одделенијата, во секојдневното свое работење обавуваат редовни контакти со граѓаните, се вршат посети во нивните средини на живот и работа, се врши отчетност и транспарентност со информирање на електронските медиуми и социјални мрежи и одржување на седници на Советот отворени за јавноста. Комуникацијата со надворешната средина се одвива преку електронска пошта, социјални мрежи и преку економскиот совет.

## 6.4 ПРИСТАП ДО ФИНАНСИИ

Финансиите играат клучна улога во развојот на деловните екосистеми, бидејќи им овозможуваат на компаниите да спроведуваат истражувања, да применуваат соодветни технологии за деловна дејност, како и да ги развијат и да ги комерцијализираат деловните активности. Компаниите можат да користат различни инструменти обезбедени од различни видови на финансиски посредници, инвеститори или друг тип организации, за да ги финансираат деловните активности. Тала пристапот до надворешни извори на финансирање често е предизвик во раните фази на развојот на бизнисот, бидејќи во оваа фаза компаниите се соочуваат со високи бариери за пристап до финансии, особено затоа што им недостигаат соодветни финансиски резултати.

ММСП се еден од клучните двигатели на македонската економија со вкупно 99,7% од сите активни деловни субјекти, 3 од 4 вработувања и 63,4% од вкупната додадена вредност.Но, и покрај нивното огромно економско значење, ММСП се во подредена положба кај финансиските институции кога станува збор за обезбедување финансии за нивното тековно работење и за поддршка на долгорочни проекти и инвестиции.

Финансирањето на приватниот сектор во општина Кратово е лимитирано, така што можностите за отпочнување на нов и проширување на постоечки бизнис се релативно тешки. Централна Кооперативна Банка АД Скопје е единствената банка на територијата на општината. Нејзините услови за финансирање се делумно прифатливи, меѓутоа постои потреба од обезбедување на поволни кредитни линии за поинтезивен развој на локалната економија. Приватниот сектор има потреба од пониски камати, полабави услови за финансирање како и подетални информации за останатите финансиски институции на државно ниво кои кредитраат микро, мали и средни претпријатиа.

Што се однесува до пристапот до финансии (проекти, субвенции) преку националните програми кои се спроведуваат преку министерствата, особено Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, искористеноста е многу ниска. Причината за ваквата ситуација лежи во локалните подрачни единици на министерствата како и во останатите министерства на централно ниво каде процедурите се многу долги, скапи и сложени.

## 6.5 ЗЕМЈИШТЕ И ИНФРАСТРУКТУРА

Недоволната конкурентност и слабата економска активност се главната причина за недоволна побараувачка на земјиште и објекти во општината. И покрај тоа што општината располага со неколку објекти во нејзина сопственост како што се “Стара училишна зграда (Стаклара)” - со површина од околу 1000м², и “Соколана” - со површина од околу 300м², исклучително ниска е претприемачката активност.

Индустриската зона во Кратово која се простира на површина од 32 326м² претставува моментум кој што треба да се искористи со цел привлекување на странски инвестиции и унапредување на локалната економија.

Општина Кратово во периодот што следи максимално ќе се посвети на подобрување на конкуретноста на локалните бизниси како и спроведување на обуки (финансиска едукација) за отпочнување на соспствен бизнис, така што последователно би дошло до потребата од физички простории (работилници, канцеларии) итн.

## 6.6 РЕГУЛАТОРНА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Некоординација помеѓу подрачните единици на локално ниво и општина Кратово, како и скромниот буџет со кој располага општинта, резултира со релативно ниска искористеност на државните и EU фондови. Обемната и скапа документација, долгите процедури на голем дел од министерствата, исклучително негативно влијаат на подобрување на бизнис климата во општина Кратово. Централизираноста (на државата) во носењето на одуки, буџет, распределбата на средства, дополнително негативно влијаат на економскиот перформанс на општината. Конкретно, издвоените пари на централно ниво наменети за општините, поминуваат низ неколку паралелни институции, наместо директно да се слеваат во нивните буџети.

Скапите и долги процедури за донесување на урбанистичко планска документација, кои се предуслов за изградба на индутриски и комерцијални капацитети, исто така значително го успоруваат економскиот развој на општината.

Во случаите каде постои урбаниситичко планска документација, издавањето на одобрението за градби е релативно брзо и е во поедноставена процедура преку електронски систем.

## 6.7 ВЕШТИНИ, ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ И ИНКЛУЗИВНОСТ

Вкупно број на невработени лица во општина Кратово изнесува 499 лице од кои 390 во градот и 109 во селата.

Врз основа на фактичката состојба на општината, лица кои веќе моментлано, како и лица кои во блиска иднина би се отпуштиле се вработените во образовните установи. Причината за оваа новонастаната ситуација лежи во перманентното и драстично иселување на младите и работноспособното население од градот.

Поголемиот дел од средношколците по завршувањето на своето образование засекогаш ја напуштаат општината. Исто така, голем дел од работоспособното население одлучува да започне со работа во некои од соседните градови (Пробиштип, Кочани, Штип, Куманово) како и главниот град, перцепирајќи ги како поатрактивни.

Како на национално, така и на локално ниво, младите се незадоволни од своето место во општеството. Високиот степен на незадоволство всушност претставува последица на повеќегодишната негрижа, ексклузија на младите во донесувањето на одлуки и незастапување на младински политики.

Со оглед на тоа што приватниот сектор во општина Кратово има потреба од стручна работна сила, со вештини од полето на технолошката струка и од угостителскиот сектор, единствено заедничко решение за намалување на невработеноста а воедно и да се помогне на приватниот сектор е преку процес на преквалификација и доквалификација според потребите на пазарот на труд.

## 6.8 НАДВОРЕШНО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ И МАРКЕТИНГ

Во минатото оппштина Кратово беше перцепирана како рударско-индустриска општина со неколку поголеми производствени капацитети кои беа двигатели на локалната економија. Денеска општината значително го има променето својот лик и истата е перцепирана како привлечна викенд дестинација, со чист воздух, вкусна храна и богато културно и природно наледство.

Целта на маркетинг активностите на Општина Кратово е да придонесат кон унапредување на условите за економски развој на општината за да се изгради позитивен имиџ на заедницата како атрактивно место за живеење и престојување на домашни и странски туристи.

Маркетинг активностите ќе бидат насочени воглавно кон:

- Создавање и креирање на позитивен бренд за општина Кратово
- Привлекување на стрнски инвеститори и донатори
- Започнување на процес на гентрификација

Како поставување на заклучоците и за марекетинг промоција на општината, целосно земени се во предвид резултатите и препораките од SWOT анализата.

## 7. SWOT АНАЛИЗА

Табела 2: SWOT Анализа

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Уникатни геолошки и културолошки карактеристики погодни за развој на туризмот (геопарк)<br>• Висока годишна соларна радијација како и број на годишни сончеви часови<br>• Постоење на индустриска зона со гасна инфраструктура<br>• Плодна соработка помеѓу занаетчиите, бизнис секторот и грѓанското општество, манифестирана преку постоење на функционален Економски Совет<br>• Ратсечки тренд за посета на локални туристички атркации<br>• Имиџ и препознатливост на општината како еколошки чиста/незагадена околина | • Недостиг на финансии за реализација на капитални проекти<br>• Влошување на состојбата со традиционалната архитектура<br>• Недостаток на стручно квалификуван кадар – занаетчии, технолози, архитекти<br>• Недоволно финансиски институции за кредитирање на приватниот сектор<br>• Низок институционален капацитет за целосна абсорпција на средствата од предпристапната помош<br>• Низок претприемачки капацитет<br>• Слаба иницијатива на регионот за заеднички настап при привлекувањето на инвеститори и поттикнување на соработка |
| *МОЖНОСТИ* | *ЗАКАНИ* |
| • Постоење на ЕУ фондови за финансирање на проекти во насока на локален економски развој<br>• Потенцијал за развој на културно-историски, бањски и алтернативен туризам<br>• Неискористени општински објекти<br>• Близина на коридор 8 | • Стапка на негативен природен прираст<br>• Тренд на одлив на млад и образовен кадар на национално ниво<br>• Сива економија<br>• Зголемување на трошоците за енергија<br>• Недоволна промоција на регионот од страна на агенцијата за промоција на туризмот, медиуми, интернет |

## 8. ВИЗИЈА И ЦЕЛИ

*** * *  ВИЗИЈА * * ***

*“ Економски прогресивна и атрактивна општина, препознатлива како музеј под отворено небо со  многубројни валоризирани културни споменици и природни убавини”.*

---

*** * * ВРЕДНОСТИ * * ***

- *Ориентираност кон граѓаните*
- *Постојано унапредување и усовршување*
- *Посветеност и тимска работа*
- *Ефикасност и квалитет*
- *Транспарентност, отчетност и доверба*

---

*** * * СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ * * ***

1) *Квалитетно деловно опкружување погодно за потикнување на нови и развој на постоечките бизниси.*

2) *Зајакнување на руралниот и алтернативниот туризам.*

3) *Креирање на поволна клима за инвестиции во обновливи извори на енергија (фотонапонски централи).*

---

Одржливиот развој е основната одредница и вредност на овој документ, а под тоа подразбираме развој кој оптимално би ги задоволил потребите на сегашноста, и не би ги загрозил идните генерации и нивните потреби. Природните ресурси на територијата на општина Кратово претставуваат добра основа за севкупен материјален и општествен развој. Предложените активности ќе овозможат подобрување на условите за работа и живот на населението на овој простор.

# 9. АКЦИСКИ ПЛАН

Табела 3: Акциски план

| *Градежни блокови* | *Клучни (стратешки) цели* | *Активности/проектни идеи* | *Времетраење (почеток/крај)* | *Вклучени партнери* | *Резултати (директни (outputs))* | *Мониторинг индикатори* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.<br>2.<br>3. | **1. Квалитетно деловно опкружување погодно за потикнување на нови и развој на постоечките бизниси** | 1.1 Реконструкција на улица Ѓорѓи Какашевски | 2022-2023 | Општина Кратово, Биро за регионален развој | Поврзување со неколку планински села Развој на земјоделие | 570 метри |
| | | 1.2 Реконструкција на улица Јосиф Даскалов | 2023 | Општина Кратово, Централна власт | Поврзување со Осоговието Рзвивање на туризмот во овој регион | 340 метри |
| | | 1.3 Изготвување на водич за инвестиции | 2023 | Општина Кратово | Промоција на индустриската зона во Кратово | Изработен водич за инвестиции |
| | | 1.4 Реконструкција на неколку улици (сокаци) | 2022-2023 | Општина Кратово БРР, СИПР | Подобрување на инфраструктурата и унапредување на туризмот | Реконструирани сокаци во должина од околу 2 км |
| | | 1.5 Организирање на работни средби со останатите институции во општината | 2023-2024 | Општина Кратово | Подобро функционирање на општинско ниво, усогласувања на локалните политики | Организирани 4 средби во наредните 2 години |
| | | 1.6 Организирање на обуки за основање на нов бизнис | 2023 | Општина Кратово, АВРСМ, СИПР | Организирани обуки за основање на нов бизнис | Организирање на 2 обуки - 40 учесници на годишно ниво |
| | | 1.7 Организирање на работни состаноци со Министерството за транспорт и врски со цел упростување и забрзување на одредени процедури | 2022-2023 | Општина Кратово, Министерство за транспорт и врски | Деблокада на неколку важни проекти и подготвување на терен за непрекорна реализација на останати активности | 2 работни состаноци |
| 1. | **2.Зајакнување на руралниот и алтернативниот туризам** | 2.1.Реконструкција на пешачка патека од Карши Бавча до Спомен Костурница | 2022-2023 | Општина Кратово, БРР, СИПР | Партерно уредена пешачка патека од Карши Бавча до Спомен Костурница | 330 метри |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.2 Ревитализација на Турски Затвор во центарот на градот | 2022-2023 | Општина Кратово, БРР, СИПР | Збогатена туристичка понуда | Уредена површина од 90 м² |
| | | 2.3 Уредување на кејот на Кратовска Река во централното градко јадро | 2022-2023 | Општина Кратово, БРР, СИПР | Збогатување на туристичката понуда | Поставување урбана опрема и инсталирање на 2 мостчиња |
| | | 2.4 Реконструкција на патен правец Кратово – Каврак (Осоговието) – прогласено за заштитено подрачје | 2023-2024 | Општина Кратово, Централна власт, ИПАРД | Подобрување на комуникацијата со заштитеното подрачје во функција на развој на руралниот туризам | Реконструкција на веќе постоечки регионален пат во должина од 20 км |
| | | 2.5 Мапирање на локални туристички атракции | 2023 | Општина Кратово, НВО, ДСУ "Митко Пенџуклиски" | Зајаканта промоција на туристичките потенцијали на општината | Креирана листа со детални објаснувања на локалните туристички атракции |
| | | 2.6 Креирање на промотивен материјал за локалните туристички атракции | 2023-2024 | Општина Кратово, НВО, ДСУ "Митко Пенџуклиски" | Зајаканта промоција на туристичките потенцијали на општината | Изготвени и дистрибуирани 300 брошури за туристичките знаменитости |
| | | 2.7 Промоција на Општина Кратово | 2022-2026 | Општина Кратово, Агенција за промоција и подршка на туризмот | Пласирани информации до потенцијлани туристи | Промоција преку социјални медиуми, web страни и блогови |
| 1.<br>2. | 3. 3. Креирање на поволна клима за инвестиции во обновливи извори на енергија (фотонапонски централи) | 3.1 Изготвување на техничка документација за изградба на фотонапонска централа од 10 MW на простор од 10 хектари | 2023-2024 | Општина Кратово, потенцијален инвеститор | Обезбедени предуслови за привлекување на инвестиции за изградба на фотонапонска централа | Изготвена техничка документација и обзебедена локација |
| | | 3.2 Промоција на потецијалите на општината за обновливи извори на енергија | 2024-2025 | Општина Кратово, НВО | Обезбедени технички спецификации | Изготвен промотивен материјал за потенцијалите на општината за изградба на фотонапонски централи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3.3 Обуки за подигање на свесноста на МСП за корсита од обновливи извори на енергија | 2023-2024 | Општина Кратово, Универзитет Гоце Делчев | Подигната свест на бизнис секторот за обновливи извори на енергија | Инвестиции во соларна енергија |
| | | 3.4 Иницирање на заеднички проекти за меѓугранична соработка во врска со обновливи извори на енергија | 2023-2024 | Општина Кратово, НВО | Зголемено користење на обновливи извори на енергија | Развиени проекти за обновливи извори на енергија во соработка со НВО и приватниот сектор |

## 10. ШЕМА НА ФИНАНСИРАЊЕ

Табела 3: Шема на финансирање

| *Активности* | *Предвидени трошоци* | *Национални програми* | *Локален буџет* | *Регионален/национален буџет* | *Приватни инвестиции (бизнис)* | *Донаторски средства* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 Реконструкцијана улица Ѓорги Какашевски | 4.980 000 ден | СИПР, БРР | / | 100% | / | / |
| 1.2 Реконструкција на улица Јосиф Даскалов | 12.000.000 ден | Централна Власт | / | 100% | / | / |
| 1.3 Изготвување на водич за инвестиции | 120 000 ден | Општина Кратово | 100% | / | / | / |
| 1.4 Реконструкција на неколку улици (сокаци) | 3. 324 152 ден | Општина Кратово СИПР | 6% | 94% | / | / |
| 1.5 Организирање на обуки за основање на нов бизнис | 300 000 ден | Општина Кратово | 100% | / | / | / |
| 2.1 Реконструкција на пешачка патека од Карши Бавча до Спомен Костурница | 1.821 100 ден | СИПР, БРР | 6% | 94% | / | / |
| 2.2 Ревитализација на Турски Затвор во центарот на градот | 2.799 860 ден | СИПР, БРР | 6% | 94% | / | / |
| 2.3 Уредување на кејот на Кратовска Река во централното градко јадро | 2. 423 500 ден | СИПР, БРР | 6% | 94% | / | / |
| 2.4 Реконструкција на патен правец Кратово – Каврак (Осоговието) – прогласено за заштитено подрачје | 61. 500 000 ден | Централна власт | / | 100% | / | / |
| 2.5 Мапирање на локални туристички атракции | 180 000 ден | Општина Кратово | 100% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.6 Креирање на промотивен материјал за локалните туристички атракции | 40 000 ден | Општина Кратово | 100% | / | / | / |
| 3.1 Изготвување на техничка документација за изградба на фотонапонска централа од 10 MW на простор од 10 хектари | 600 000 ден | Општина Кратово, НВО | 100% | / | / | / |
| 3.2 Промоција на потецијалите на општината за обновливи извори на енергија | 60 000 ден | Општина Кратово, Министерство за финансии | 100% | / | / | / |
| 3.3 Обуки за подигање на свесноста на МСП за корсита од обновливи извори на енергија | 300 000 ден | Општина Кратово, Министерство за животна средина | 100% | / | / | / |
| 3.4 Иницирање на заеднички проекти за меѓугранична соработка во врска со обновливи извори на енергија | 120 000 Ден | Општина Кратово | 100% | / | / | / |
| | | | | | | |
| ***Вкупно*** | **90 568 612** | | | | | |

## 11. ИНДИКАТОРИ, МЕХАНИЗАМ И МОНИТОРИНГ

За успешно следење и реализација на стратегијата е потребно мониторинг, евалуација и имплементација на стратегијата на општина Кратово. Сето ова е важно за финална употреба на стратегијата, од теоретска во практична гледна точка.

Според овој модел, идната стратегија може да се дополни во деловите каде што оваа стратегија не е реализирана, да се додадат конкретни објаснувања и насоки како би се продолжил локалниот економски развој на општината во континуитет. Во основата на моделот е формирање на Комисија за оцена на стратегијата која го врши мониторингот, евалуацијата и имплементација на стратегијата. Во оваа Комисија треба да влезат членови од сите заинтересирани страни, општина, бизнис заедница, раководители на проекти, донаторски агенции, образовни институции, невладини организации и сл.

Табела 4: РАСПОРЕД НА СПРОВЕДУВАЊЕ / ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ

| Активности | Датум на започнување – датум на завршување | Очекувани резултати Месеци 1-6 | Очекувани резултати Месеци 6-12 | Очекувани резултати Месеци 12-18 | Очекувани резултати Месеци 18-24 | Очекувани резултати Месеци 24-30 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 Реконструкција на улица Ѓорги Какашевски | 01.03.2023 01.05.2023 | Префрање на средства од БРР и распишување на јавна набавка | Реализација на проектот | Квалитетно поврзување на една населба и неколку планински села со градот | Интезивирање на употребата на патот во служба на локалното населиние и туристи | |
| 1.2 Реконструкција на улица Јосиф Даскалов | 01.06.2023 01.03.2023 | Комплетирање на техничката документација | Распишување на јавна набавка | Реализација на проектот | Квалитетна инфраструктура | Поврзување со Осоговието |
| 1.3 Изготвување на водич за инвестиции | 01.01.2023 01.03.2023 | Избирање на консултантска компанија | Скенирање и мапирање на потенцијалите на Општина Кратово | Изготвен водич за инвестиции | Маркеитнг активности | |
| 1.4 Реконструкција на неколку улици (сокаци) | 01.08.2023 01.10.2023 | Префрање на средства од БРР | Распишување на јавна набавка | Реконструкција на неколку улици (сокаци) | Пешачки артерии низ градот | Интезивирање на употребата на овие улици од страна на туристи и месното население |
| 1.5 Организирање на обуки за основање на нов бизнис | 01.01.2024 01.03.2024 | Распишување оглас за пријавување на заинтересирани лица | Координација и соработка со Агенција за вработување | Започнување со обуки | Менторски процес | Отворање на нови бизниси |
| 2.1 Реконструкција на пешачка патека од Карши Бавча до Спомен Костурница | 01.02.2023 01.06.2023 | Распишување на јавна набавка од страна на СИПР | Реконструкција и уредување на патеката | Фотографирање и маркетинг активности | Зголемена фрквенција на туристи | |
| 2.2 Ревитализација на Турски Ан во центарот на градот | 01.02.2023 01.06.2023 | Распишување на јавна набавка од страна на СИПР | Ревитализација на Турски Ан | Официјално пуштање во уптреба | Ставање на мапата на туристички атракции | |
| 2.3 Уредување на кејот на Кратовска Река во централното градско јадро | 01.02.2023 01.07.2023 | Распишување на јавна набавка од страна на СИПР | Реализација на целокупните активности | Пуштање во употреба | Зголемен транзит на корисници | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.4 Реконструкција на патен правец Кратово – Каврак (Осоговието) – прогласено за заштитено подрачје | 01.03.2024 01.09.2024 | Изработка на техничка документација | Обезбедување на средства | Реконструкција на асфалтен пат во доложина од околу 20 км | Зголемена фреквенција на туристи | Зголемен тренд на инвестици во Осоговието |
| 2.5 Мапирање на локални туристички атракции | 01.06.2023 01.08.2023 | Формирање на работни групи од Општина Кратово и Музеј на град Кратово | Мапирање на туристичките потенцијали на општината | Креирање на електронска платформа | Внесување на податоци | Маркетинг и управување |
| 2.6 Креирање на промотивен материјал за локалните туристички атракции | 01.08.2023 01.02.2024 | Дизајнирање на промотивниот материјал | Објавување на интернет и промоција на истиот | Иницирање соработка со туристички агенции | Прекугранична соработка на полето на туризмот | Зголемен прилив на туристи |
| 3.1 Изготвување на техничка документација за изградба на фотонапонска централа од 10 MW на простор од 10 хектари | 01.02.2023 01.08.2023 | Меѓусекторска координација во општината | Мапирање на локации | Изготвување на техничка документација | Распишување на јавна набавка за избирање на економски оператор | Реализација на инвестицијата |
| 3.2 Промоција на потецијалите на општината за обновливи извори на енергија | 01.10.2023 01.05.2024 | Формирање на работни групи | Соработка со сите засегнати страни на национално ниво | Заедничка промоција и настап | Воспоставување на контакт со потенцијални инвеститори | |
| 3.3 Обуки за подигање на свесноста на МСП за корсита од обновливи извори на енергија | 01.03.2024 01.07.2024 | Организирање на обуки за малите и средни препријатија | Стекнување на нови знаења и искуства | Пристап до финансии | Инвестирање во обновливи извори на енергија | Трансформации во зелени бизниси |
| 3.4 Иницирање на заеднички проекти за прекугранична соработка во врска со обновливи извори на енергија | 01.05.2024 01.08.2024 | Иницирање на соработка со компании, организации и општини од прекуграничните региони | Одржување на иницијална средба и поставување на целите на соработката | Размена на искуства | Пишување на проекти и ангажирање на консултант | Реализација на заеднички проекти на полето на обновлива енергија |

Бр.09/1562/2
31.10.2022 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на Општина Кратово**
Весна Петрова